# Важна информација - Велигден

Македонската Православна Црква, почитувајќи ги одлуките и препораките на надлежните институции во Шведска за спречување на заразата од ковид-19, ги известува своите верници, членови и посетители следното за престојните Велигденски празници:

Според мерките и препораките, во црквата и црковниот двор истовремено можат да бидат присутни 8 посетители. За да можат сите да поминат и ги задоволат своите духовни потреби, Ве молиме да се придржувате на редот и упатсвата од страна на одговорните, во времето во кое Вие ќе ја посетите црквата.

**ВЕЛИКИ ЧЕТВРТОК 29.04.2021 година** - Света причест од 10:15 до 10:40 часот. Црквата ќе биде отворена до 14:00 часот. Вечерта во 17:00 часот читање на 12 Страдални Евангелија.

**ВЕЛИКИ ПЕТОК 30.04.2021 година** - Богослужба во 10:00 часот. Црквата ќе биде отворена до 14:00 часот. Вечерта од 18:00 - 20:00 часот, поклонување и поминување под Плаштаница (Гробот Господов).

**ВЕЛИКА САБОТА 01.05.2021 година** - Света причест од 10:15 до 10:40 часот. Црквата ќе биде отворена до 15:00 часот. Вечерта црквата ќе биде отворена од 19:00 – 22:00 часот. После полноќ отвараме во 01:15 за Света причест до 01:40 часот.

**ВЕЛИГДЕН (НЕДЕЛА) 02.05.2021 година** - Отворено од 09:00 - 15:00 часот.

**ВЕЛИГДЕН ВТОР ДЕН (ПОНЕДЕЛНИК) 03.05.2021 година** - Отворено од 10:00 – 14:00 часот.

**ВЕЛИГДЕН ТРЕТ ДЕН (ВТОРНИК) 04.05.2021 година** - Отворено од 10:00 – 14:00 часот.

ПЛАНИРАНОТО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МПЦО „Св. Наум Охридски“ – Малме, за Недела 09.05.2021 година се ОДЛОЖУВА НА НЕОДРЕДЕНО ВРЕМЕ, КОГА ЌЕ СЕ СТВОРАТ УСЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ИСТОТО. Се надеваме дека ќе имате разбирање за сето оваа и истовремено ќе се придржуваме на препораките и мерките предвидени од надлежни органи.

**Со почит и поздрав со најрадосниот поздрав**

**ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ! НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!**

**Од ЦУО на МПЦО „Св. Наум Охридски“ - Малме**